РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 44 – 1384/2
30 01 2020 год.
Скопје

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар, Скопје
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit, Shkup
National Institution-National Conservation Center, Skopje

| Примено: E pranuar: | 30.01.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 04 | 66/2 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 и 110/19) и член 29 став 1 и 2 и член 30 став 2 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура на предлог на Комисијата за селекција на кандидати за избор на директор на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје, го донесе следново

## РЕШЕНИЕ
## за избор на директор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје

1. За директор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје се избира **Мемет Селмани.**
2. Директорот се избира со мандат од четири години.

## Образложение

Министерството за култура, согласно Законот за културата, на ден 03.01.2020 година во дневните весници „Коха" и „Нова Македонија", и на ден 04.01.2020 година во дневниот весник „Вечер" распиша јавен оглас за избор на директор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје.

Согласно член 29 став 1 и 2 од Законот, директорите на националните установи се избираат за време од четири години и може повторно да бидат избрани, а согласно член 30 став 2 од Законот, министерот за култура го избира и разрешува директорот.

Министерот за култура со Решение бр.44-561/1 од 15.01.2020 година формира Комисија за селекција на кандидати за избор на директор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје.

Комисијата, оствари увид во две пристигнати пријави за избор на директор на Националната установа Национален конзерваторски центар - Скопје и утврди дека кандидатот Мемет Селмани доставил пријава заверена под бр.44-256/1 од 10.01.2019 година и поседува стручни и професионални квалитети за извршување на функцијата директор и ги исполнува општите и посебните услови утврдени во огласот.

Министерот за култура, врз основа на предлогот на Комисијата, доставен во Извештај бр.44-561/2 од 21.01.2020 година и Дополнување на Извештај бр.44-561/6 од 27.01.2020 година, одлучи дека кандидатот Мемет Селмани ги исполнува општите и посебните услови утврдени со огласот, а согласно доставената Програма за работа и развој на установата за периодот 2020-2024 година поседува стручни и други квалитети за директор, заради што одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба до надлежен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР

Dr. Hysni Ismaili

Изработил: м-р Кристијан Јорданов, Помлад соработник
Контролирал: Afan Elezi, Посебен советник за правни работи
Согласен: Бранко Костовски, Раководител на сектор